Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT

Бр.Nr. 02-387/6
31. 07. 2023 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Ј.П. ГРАДСКИ ПАРКИНГ
СКОПЈЕ
N.P. Parkingu i Qyetit - Shkup

# ИЗВЕШТАЈ

## За работата на ЈП Градски Паркинг-Скопје за период 01.01.2023-30.06.2023 година

# ВОВЕД

За периодот 01.01.2023-30.06.2023 година ЈП Градски Паркинг- Скопје оствари позитивен финансиски резултат – добивка на износ 13.531.325,00 денари.
Приходите заклучно 30.06.2023 година изнесуваат 129.942.051,00 денари.
Расходите се на износ 116.410.726,00 денари.
Составен дел на овој Извештај е Биланс на успех и Биланс на состојба.

# БИЛАНС НА УСПЕХ

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈАНУАРИ ДО 30 ЈУНИ 2023 ГОДИНА

| ПРИХОДИ – кл. 7 | 2023 година | | 2022 година |
|---|---|---|---|
| | | | |
| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА | 114,631,885.00 | | 99.870.000,00 |
| | | | |
| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК | 14,101,275.00 | | 4.768.863,00 |
| | | | |
| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 1,205,643.00 | | 6.315.663,00 |
| | | | |
| ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ | 3,248.00 | | 9.341,00 |
| ВКУПНО ПРИХОДИ | 129,942,051.00 | | 110.963.867,00 |

| РАСХОДИ – кл.4 | 2022 година | | 2022 година |
|---|---|---|---|
| | | | |
| ТРОШОЦИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ | 6.394.619,00 | | 9.506.248,00 |
| | | | |
| ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ | 25.840.786,00 | | 19.947.298,00 |
| ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ | 73.433.417,00 | | 67.251.784,00 |
| | | | |
| ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА | 6.719.644,00 | | 6.719.419,00 |
| | | | |
| ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ | 3.863.085,00 | | 4.026.396,00 |
| ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА | 54.411,00 | | 52.550,00 |
| | | | |
| ОСТАНАТИ РАСХОДИ | 95.619,00 | | 92.595,00 |
| | | | |
| ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ | 9.145,00 | | 53.777,00 |
| ВКУПНО РАСХОДИ: | 116.410.726,00 | | 107.650.067,00 |

## *ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ*

| ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ | 2023 ГОДИНА | 2022 ГОДИНА |
|---|---|---|
| | | |
| Вкупно приходи | 129.942.051,00 | 110.963.867,00 |
| Вкупно расходи | 116.410.726,00 | 107.650.067,00 |
| Добивка | 13.531.325,00 | 3.313.800,00 |

# *ПРИХОДИ*

Приходите за период 01.01.2023 - 30.06.2023 година изнесуваат 129.942.051,00 денари односно, како што следи:

- Сектор Јавни паркиралишта 114.631.885,00 ден.
- Сектор Пајак 14.101.275,00 ден.
- Останати приходи 1.205.643,00 ден.
- Финансиски приходи 3.248,00 ден.

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА*

Во рамки на Сектор Јавни паркиралишта реализирани се следните приходи:

| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА | 2023 година | 2022 година | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| 1. затворени паркинзи | 42,538,204 | 35,999,618 | 6,538,586 | 1.18 |
| 2.зонско паркирање | 57,045,055 | 52,104,983 | 4,940,072 | 1.09 |
| 3.катна гаража-Беко | 10,232,576 | 7,601,102 | 2,631,474 | 1.35 |
| 4.катна гаража-26-ти Јули | 4,816,050 | 4,164,297 | 651,753 | 1.16 |
| Вкупно приходи: | 114,631,885 | 99,870,000 | 14,761,885 | 1.15 |

Во споредба со минатата година, вкупните приходи кај Сектор Јавни паркиралишта се зголемени севкупно за 14.761.885,00 денари .

Кај затворените паркинзи приходите се зголемени за 6.538.586,00 денари.

Кај зонското паркирање бележимe зголемување на приходите за 4.940.072,00 денари.

Катната гаража „Беко" има реализирано приходи во висина од 10.232.576,00 денари додека пак катната гаража „26-ти Јули" бележи приходи на износ од 4.816.050,00 денари.

Во споредба со минатата година, приходите од стопанисување со катната гаража „Беко" се

зголемени за 2.631.474,00 денари, додека кај катната гаража „26-ти Јули" приходите се зголемиле за 651.753,00 денари.

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК*

| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК | 2023 година | 2022 година | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| 1. дневен промет | 14,085,173.00 | 4,764,625.00 | 9,320,548.00 | 2.96 |
| 2.фактурирана услуга | 16,102.00 | 4,238.00 | 11,864.00 | 3.80 |
| **Вкупно приходи :** | **14,101,275.00** | **4,768,863.00** | 9,332,412.00 | 2.96 |

Вкупно остварен нето приход во Сектор Пајак изнесува 14.101.275,00 денари и е поголем во споредба со минатата година за 9.332.412,00 денари. Наплатени се вкупно 7.661 возила. Во првиот шест месеци од минатата година, реализиран е приход на износ 4.768.863,00 денари односно, наплатени се 3.401 возило.

Зголемениот приход во сектор пајак се должи на зголемениот број налози издадени од страна на МВР во врска отстранување на непрописно паркирани возила.

## *ОСТАНАТИ ПРИХОДИ*

| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 2023 година | 2022 година | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| од отпишани побарувања и обврски | 20,808.00 | 28,078.00 | -7,270.00 | 0.74 |
| од субвенции дадени во опрема | 735,804.00 | 5,735,804.00 | -5,000,000.00 | 0.13 |
| од наплатени судски трошоци | 22,675.00 | 21,770.00 | 905.00 | 1.04 |
| од наплата на штети | 155,765.00 | 53,430.00 | 102,335.00 | 2.92 |
| др.надомест,прих. од др јавни давачки, вонредни приходи | 270,591.00 | 476,581.00 | -205,990.00 | 0.57 |
| **Вкупно приходи :** | **1,205,643.00** | **6,315,663.00** | **-5,110,020.00** | **0.19** |

Во групата останати приходи која изнесува 1.205.643,00 денари спаѓаат приходи од наплата на отпишани побарувања и обврски, приходи од тужени побарувања, приходи од субвенции, од наплата на штети,од наплата на судски трошоци итн.

Приходи од отпишани побарувања и обврски 20.808,00 денари; приходи од субвенции за набавка на опрема 735.804,00 денари евидентирани во согласност со МСС стандарди; приходи од судски трошоци 22.675,00 денари, приходи од наплата на штети 155.765,00 денари, приходи од други надоместоци по спогодба за блокатори 17.554,00, приходи од поврат на јавни давачки 197.188,00 денари како и вонредни приходи на износ 55.849,00 денари.

Се забележува дека оваа група на приходи бележи пад како резултат на тоа што во 2023 година претпријатието не доби субвенции за потешкотии во работењето.Минатата година беа исплатени субвенции за потешкотии на износ 5.000.000,00 денари .

## *ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ*

Во оваа група спаѓаат приходи по основ камата, позитивни курсни ралики и слично. Заклучно месец јуни бележиме приходи на износ 3.248,00 денари.

# *РАСХОДИ*

Расходите заклучно 30.06.2023 година се на износ 116.410.726,00 денари.

## *ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ*

| опис | 2023 година | 2022 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **Потрошни помош.материјали и с-ва за чистење** | 276,060.00 | 144,648.00 | 131,412.00 | 1.91 |
| **Канц.матер.,фискал.бар код ролни, чип и греб картички** | 949,960.00 | 907,664.00 | 42,296.00 | 1.05 |
| **ел.енергија,парно** | 2,203,181.00 | 7,110,328.00 | -4,907,147.00 | 0.31 |
| **гориво и масло за подмачкување** | 1,911,714.00 | 1,169,968.00 | 741,746.00 | 1.63 |
| **Отпис на сит.инвент.авто гуми во употреба и ХТЗ опрема** | 1,053,704.00 | 173,640.00 | 880,064.00 | 6.07 |
| **вкупно:** | **6,394,619.00** | **9,506,248.00** | **-3,111,629.00** | **0.67** |

Материјалните трошоци во првите шест месеци од годината изнесуваат 6.394.619,00 денари. Во оваа група трошоци се евидентираат трошоците за потрошни материјали и средства за чистење 276.060,00 ден.; канцелариски материјали , фискални и бар код ролни, чип и греб картички 949.960,00 ден.; трошоци за електрична енергија ,парно 2.203.181,00 ден.; гориво 1.911.714,00 ден. , како и трошоците за ситен инвентар 310.868,00 ден., ХТЗ опрема 261.060,00 ден. и авто гуми 481.776,00 или севкупно 1.053.704,00 ден.

Од прегледот се забележува пад на материјалните трошоци за 3.106.902,00 денари гледано во целина. Поединечно гледано најзабележително е намалувањето на трошокот за електрична енергија, за речиси неполни пет милиони денари. Во споредба со минатата година трошокот за електрична енергија е помал и заради тоа што не е евидентиран ваков трооко за првите два месеци од годината. Се работи за вратени фактури на снабдувачот

Енерџи деливери солушнс бидејќи истите не соодвествуваат на договорот. Во врска оваа услуга се води судски спор.

Дел од трошоците се незначително покачени. Позначителен пораст бележиме на трошокот за гориво како резултат на зголемениот обем на работа на сектор пајак како и на зголемување на цените на горивото.Понатаму поголем е трошокот за инвентар во споредба со минатата година како и трошокот за ХТЗ опрема од причина што дел од ХТЗ опремата е дадена во употреба во првото полугодие од годината а е набавена минатата година во октомври. Оваа година набавен е канцелариски мебел – 55 столчиња (267.000 денари) за потребите на секторот јавни паркиралишта и катни гаражи како и дел за потребите на сектор пајак .

Зголемувањето на трошокот за автогуми произлегува од давање во употреба на претходно набавени гуми за потребите на специјалните возила пајак.

## *ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ*

| опис | 2023 година | 2022 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| Поштенски,телефонски услуги и интернет | 956,257.00 | 907,009.00 | 49,248.00 | 1.05 |
| Услуги за инфо табли | 25,242.00 | 62,704.00 | -37,462.00 | 0.40 |
| Услуги за тековно одржување | 4,167,318.00 | 2,206,498.00 | 1,960,820.00 | 1.89 |
| Трошоци за наем | 1,436,010.00 | 2,258,996.00 | -822,986.00 | 0.64 |
| Комунални услуги | 1,620,491.00 | 1,625,352.00 | -4,861.00 | 1.00 |
| Останати услуги | 345,661.00 | 361,515.00 | -15,854.00 | 0.96 |
| Останати непроизводствени услуги | 8,312,883.00 | 7,825,383.00 | 487,500.00 | 1.06 |
| Останати услуги - времени вработувања | 8,976,924.00 | 4,699,841.00 | 4,277,083.00 | 1.91 |
| вкупно: | 25,840,786.00 | 19,947,298.00 | 5,893,488.00 | 1.30 |

Во оваа група на трошоци спаѓаат: трошок за ПТТ услуги, телефон, електронски комуникации, трошоци за тековно одржување на материјални и нематеријални основни средства и ситен инвентар, градежни работи и бележење, трошоци за изработка на информативни табли, наем, комунални услуги, транспорт на пари, администрирање на системот за зонско паркирање како и трошок за времени вработувања.

Евидентирани се трошоци на износ 25.840.786,00 денари односно, бележиме зголемување на трошоците за 5.893.488,00 денари во споредба со 2022 година .

Значителен пораст на трошоците бележиме кај тековното одржување и во најголем дел порастот е последица на тоа што минатата година не се евидентирани трошоци за одржување на паркинг системите заклучно прва половина на месец април односно безмалку четири месеци како и трошоци за одржување односно машинско чистење на катните гаражи , понатаму како резултат на зголемениот обем на работа на сектор пајак евидентирани се повисоки трошоци за одржување на специјалните пајак возила.

Трошоците за наем се намалени од причина што откажен беше дел од деловниот простор под закуп како и заради истек на договор за закуп.
Поголем е трошокот за одржување на системот за зонско паркирање од причина што остварен е поголем промет споредено со минатат година.
Трошокот за времени вработувања е двојно поголем во споредба со минатата година. Заклучно месец јуни ангажирани се 32 лица преку агенција за времени вработувања.

## *ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ*

| опис | 2023 година | 2022 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **вкалкулирани плати** | 73,310,987.00 | 66,814,197.00 | 6,496,790.00 | 1.10 |
| **отпремнина** | 65,016.00 | 301,940.00 | -236,924.00 | 0.22 |
| **јуб.награди за 10 год.стаж** | 0.00 | 23,331.00 | -23,331.00 | 0.00 |
| **помош на вработени** | 57,414.00 | 112,316.00 | -54,902.00 | 0.51 |
| **вкупно:** | **73,433,417.00** | **67,251,784.00** | **6,181,633.00** | **1.09** |

Трошокот за плати и надоместоци од плата и др.трошоци на вработените изнесува 73.433.417,00 ден. и е поголем во споредба со минатата година за 6.181.633,00 денари во најголем дел како резултат на усоглсувањето (порастот) на платите извршен од месец октомври минатата година.
По основ отпремнина за пензија исплатен е износ од 65.016,00 ден. за едно лице што остварило право на старосна пензија. Во трошокот за плати се вклучени и надоместоците на вработените по основ јубилејна нагарада за 10 години непрекинат стаж во претпријатието. Такво право не е остварено во првото полугодие од годината. Исплатена е парична помош на две вработени лица на износ 57.414,00 денари. По основ надомест за непрекинато боледување во траење од 6 месеци исплатен е износ од 35.192,00 денари. Исплатен е и надомест за лекување на износ од 22.222,00 денари.
Заклучно месец јуни бројот на вработени во јавното претпријатие изнесува 251 лице. Бројот на вработени во истиот период минатата година изнесувал 255 лица. Трошокот за плати варира како резултат на движења на вработените по основ вработувања,

откажување на договорот за вработување ( отказ, спогодбен престанок на работен однос, пензионирање), понатаму користење боледувања, неплатени отсуства итн. заради што трошокот на плата соодветно се менува.

## *АМОРТИЗАЦИЈА*

Трошокот за амортизација изнесува 6.719.644,00 денари и е речиси на идентично ниво како и минатата година кога изнесувал 6.719.419 денари.

## *ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕ*

| ОПИС | 2023 година | 2022 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| др.надоместоци на вработени,обуки исл. | 21,472.00 | 2,500.00 | 18,972.00 | 8.59 |
| хонорари на управен и надзорен одбор | 933,342.00 | 933,342.00 | 0.00 | 1.00 |
| репрезентација | 151,644.00 | 82,235.00 | 69,409.00 | 1.84 |
| Трошоци за спонзорство | 0.00 | 20,000.00 | -20,000.00 | 0.00 |
| трошоци за осигурување | 437,665.00 | 386,092.00 | 51,573.00 | 1.13 |
| банкарски провизии | 345,205.00 | 249,989.00 | 95,216.00 | 1.38 |
| трош за ДДВ,членарини и адм.такси | 1,360,331.00 | 1,774,137.00 | -413,806.00 | 0.77 |
| користење права | 115,260.00 | 80,775.00 | 34,485.00 | 1.43 |
| Останати трошоци на работењето | 498,166.00 | 497,326.00 | 840.00 | 1.00 |
| вкупно: | **3,863,085.00** | **4,026,396.00** | **-163,311.00** | **0.96** |

Во групата „останати трошоци на работење" евидентирани се трошоци на износ 3.863.085,00 денари и истите се речиси незначително помали во споредба со минатата година.

Во групата спаѓаат следните трошоци:надоместоци за вработените 21.472,00 денари, надоместоци на органите на управување 933.342,00 денари, репрезентација 151.644,00 денари, осигурување 437.665,00 денари, банкарски провизии 345.205,00 денари, трошок за ДДВ 1.318.656,00 денари, членарини 8.910,00 денари и административни такси 32.765,00 денари; трошоци за користење на права односно, набавка на лиценци за работа на компјутери 115.260,00 денари како и останати трошоци на работење-група во која евидентирани се трошоци во вкупен износ од 498.166,00 денари а во која спаѓаат трошоците за правно-адвокатски-нотарски услуги 158.445,00 ден.; ревизорски услуги 150.000,00 ден.; трошоци за превод и договор на дело 71.315,00 денари; претплата на весници и стручни списанија 36.289,00 ден.;трошоци за огласување 60.871,00 ден. како и судски трошоци на износ 21.246,00 денари.

### *ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА*

Во првото полугодие од годината евидентираме трошоци за тужени побарувања на износ 54.411,00 денари. Истите произлегуваат од 2021 година и се однесуваат по основ на издадени доплатни карти заради неплатена услуга за зонско паркирање.

### *ОСТАНАТИ РАСХОДИ*

Во оваа група, евидентирани се трошоци во вкупен износ од 95.619,00 денари и истите се однесуваат на трошоци за одобренија по рекламации на износ од 86.331,00 денари, дополнително утврдени трошоци од минати години на износ 9288,00 денари по основ задоцнета сметка за струја итн.

### *ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ*

Во рамки на финансиски расходи бележиме трошок на износ 9.145,00 денари кој отпаѓа на казнена камата за задоцнето плаќање на обврски по основ електрична енергија, телефон и поштенски услуги како и ДДВ обврска,корекции на плата итн.

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈАНУАРИ ДО 30 ЈУНИ 2023 ГОДИНА

| **АКТИВА** | **2023 година** | **2022 година** |
|---|---|---|
| | | |
| **1.ОСНОВНИ СРЕДСТВА** | 46,202,280.00 | 58.190.470,00 |
| **кл.00** | | |
| | | |
| **2.ЗАЛИХИ** | | |
| **кл.3** | 3,093,300.00 | 1.863.425,00 |
| | | |
| **3. ОБРТНИ СРЕДСТВА** | 54,765,434.00 | 53.045.231,00 |
| **кл.1** | | |
| **4.АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА** | 742,315.00 | 598.386,00 |
| **кл.1 гр.19** | | |
| **ВКУПНО АКТИВА:** | **104,803,329.00** | **113.697.512,00** |

| ПАСИВА | 2023 година | 2022 година |
|---|---|---|
| 1. ЗАПИШАН КАПИТАЛ | | |
| Државен јавен капитал | 153,052.00 | 153.052,00 |
| Останат капитал | 0.00 | 0,00 |
| | | |
| 2.Законски резерви | 15,305.00 | 15.305,00 |
| | | |
| 3.АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА од претходни години | 27,983,846.00 | 41.001.516,00 |
| | | |
| 4.ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ - ДОБИВКА за втор квартал | 13,531,325.00 | 3.313.800,00 |
| | | |
| 5. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ | 54,984,035.00 | 59.715.966,00 |
| кл.2 | | |
| 6.Одложени плаќање на приходи и расходи | 8,135,766.00 | 9.497.873,00 |
| ВКУПНО ПАСИВА: | 104,803,329.00 | 113.697.512,00 |

## *ОСНОВНИ СРЕДСТВА СО СОСТОЈБА 30.06.2023 ГОДИНА*

ЈП Градски Паркинг – Скопје заклучно 30.06.2023 година располага со основни средства чија сегашна вредност изнесува 46.202.280,00 денари вклучувајќи ги и основните средства евидентирани во подготовка кои сеуште не се ставени во функција.

Во извештајниот период претпријатието инвестираше во набавка на сообраќајни проекти во функција на проширување на зонското паркирање во општина Карпош износ 589.500,00 денари. За потребите на одделението за одржување на јавните површини набавена е моторна пила на износ 42.669,00 денари.

## *ЗАЛИХИ*

Вредноста на залихите изнесува 3.093.300,00 денари.

Од нив, 2.156.192,00 денари претставуваат залихи на суровини и материјали односно се однесува на следните ставки: „ад блу" течност за потребите на сектор пајак, лед цевки и лед светилки за осветлување, кружни четки за потребите на машините за чистење, канцелариски материјал и обрасци, чип и греб картички, рибони, репрезентативни средства за потребите на кујната, средства за чистење.

Залиха на ситен инвентар 309.946,00 денари се состои претежно од залиха на блокатори за потребите на зонско паркирање, канцелариски мебел, батерии за мотороли, полначи за ПДА уреди, паркинг клешти, алат,радијатори,панелна греалка,сет за прва помош итн.

ХТЗ опрема Претпријатието има на залиха во вредност од 627.162,00 денари и истата се состои од заштитни ракавици, летни пантолони, поло маици, одела за дожд, флуоросцентни елечиња, чевли и кабаница .

## *ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА*

Парични средства на трансакциските сметки со кои располага претпријатието збирно на 30.06.2023 година како и девизната сметка, благајна и виза картичка изнесува 33.910.181,00 денари.

Побарувањата од купувачите изнесуваат 18.176.638,00 денари. Нивна наплата се врши тековно во наредните пресметковни периоди.

Тужени побарувања има на износ 2.893.768,00 денари. Истите, во најголем износ проилегуваат од издадени доплатни карти заради неплатено зонско паркирање. Постапката за дел од предметите се води во судовите а дел од тужените побарувања во текот на 2012-та и 2013-та година се процесирани директно на нотар. Постапата за нивна наплата е во тек.

Побарувања по основ платени аконтации за данок на добивка на износ 2.260.915,00 денари како и даноци и придонеси од плата на вработени на износ од 8.143,00 денари.

Побарувањата од вработените се на износ 262.224,00 денари и во најголем дел се однесуваат на задолженија по основ ситни пари на паркинзи и паркомати , надминати телефонски лимити на службени телефони, исплатени надоместоци од плата и придонеси од плата, финансиски кусок од дневен промет .

Побарувања од кредитни- дебитни картички на износ 147.334,00 денари се всушност тековните побарувања од деловната банка по основ на дневен промет процесиран по пат на пос терминал а чија наплата се врши редовно секој нареден работен ден.

## *АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА*

На сметките од група 19 евидентирани се трошоци на износ 742.315,00 денари кои ќе се реализираат во наредните периоди. Станува збор за трошоци од платени такси на нотари и извршители 443.219,00 денари, осигурување 244.076,00 , чип картички на износ 8.453,00

денари, претплата за радиофрекфенции 1.948,00 денариа а остатокот од 44.619,00 отпаѓа на нереализирани трошоци за службен пат.

## *ОБВРСКИ*

Претпријатието нема долгорочни обврски.

По основ краткорочни обврски, претпријатието севкупно должи 54.984.034,00 денари. Од овој износ, 6,356,00 ден. отпаѓа на обврска за извршена услуга за подигање на возила од зелена површина со комунален инспектор за месец јуни , 7.839,043,00 ден. отпаѓа на обврски кон добавувачи, обврски за аванси 28.876,00 денари , обврска за ДДВ за м.06 на износ 3.592.123,00 денари,обврска за надоместоци на членови на управен и надзорен одбор на износ 140.000,00 ден.; обврска по корекција на плата за еден вработен износ 1.891,00 денари , обврски по основ данок на личен доход за органи на управување како и за закуп кон физички лица на износ 25.321,00 денари. Во групата на краткорочни обврски најголем дел отпаѓа на обврската за комунална такса кон Град Скопје која изнесува 43.350.424,00 денари. Во текот на првото полугодие од годината платена е обврска за комунална такса на износ 5.330.566,00 денари.

## *ОДЛОЖЕНИ ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ*

Износот на оваа категорија е 8.135.766,00 денари.

По основ извршени плаќања за услуга паркирање, а кои се однесуваат за наредниот пресметковен период, бележиме износ од 2.578.015,00денари. Други одложени приходи по основ претплати имаме на износ 280.843,00 денари.

По основ субвенции и донации од основачот Град Скопје доделени во опрема и пари, наменски, за набавка на опрема, белжиме одложени приходи на износ 5.167.266,00 денари. Износот од 109.642,00 денари се однесува на пресметани а неплатени услуги во нареден пресметковен период .Се работи за обврски за закуп за месец јуни по основ договор за стопанисување со паркингот 8-ми Септември .

# ЗАКЛУЧОК

Во периодот 01.01.2023-30.06.2023 година претпријатието оствари позитивен финансиски резултат - Добивка на износ од 13.531.325,00 денари.

Од погоре изнесеното забележливо е дека приходите во првото полугодие од годината се зголемени во однос на истиот период од минатата година. Приходите од паркирање се зголемени како кај затворените јавни паркиралишта така и кај зонското паркирање.Особено пораст на приходот се забележува од работењето на сектор пајак. Минатата година соработката со МВР беше на незадоволително ниво односно не беа издавани налози за подигање на непрописно паркирани возила.

Дополнително претпијатието иако не доби субвенции за потешкотии во работењето за разлика од изминатите години ,тоа не беше пречка навремено да ги подмирув тековните обврски како што се : обврски кон добавувачите, даночните обврски, оврските кон вработените за плати и придонеси итн. Обврска која сериозно финансиски го оптеретува претпријатието е комуналната такса за која очекуваме дека во соработка со Градоначалникот и основачот – Градот Скопје ќе се изнајде законско решение за нејзино намалување .

*ИЗРАБОТИЛ:*
Катерина Палитова

ЈП Градски Паркинг- Скопје
В.Д Директор,
М-р Михаил Петровски

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-387/6
31.07. 2023 год.-viti
СКОПЈЕ SHKUP

Врз основа на член 5 став 3,4 и 5 од Законот за јавните претпријатија (Сл,.весник на Р.М. бр.38/96,9/97,40/03,49/06,22/07,83/09,97/10,6/12,119/13,41/14,138/14,25/15,61/15,64 /18,35/19,275/19,89/22 и 274/22, и член 27 од Статутот на ЈП Градски Паркинг – Скопје, Управниот Одбор во рамки на своите права и овластувања на ден 31.07.2023 година ја донесе следнава:

# **О Д Л У К А**
## **за усвојување на Шестмесечен Извештај за работата на ЈП Градски паркинг-Скопје за период 01.01.2023 год. до 30.06.2023 год.**

***Член 1***

Предмет на оваа Одлука е усвојување на Шестмесечен Извештај за работата на ЈП Градски паркинг- Скопје за период 01.01.2023 год. до 30.06.2023 год.

Член 2

Се задолжува Директорот на претпријатието горенаведениот Извештај да го достави до основачот односно до градоначалникот на градот Скопје.

***Член 3***

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

ЈП Градски паркинг- Скопје
Скопје. 31.07.2023 година

УПРАВЕН ОДБОР НА
ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ-СКОПЈЕ
Претседател
Игор Кралевски

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-383/4
31.07. 2023 год-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 27 став 3 од Законот за Јавни претпријатија(Сл.Весник на РМ 38/96,9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/1, 64/18, 35/19, 275/19, 89/22 и 274/22), и член 38 од Статутот на ЈП Градски Паркинг-Скопје, Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈП Градски Паркинг– Скопје, на седницата одржана на ден 31.07.2023 година го разгледа Шестмесечниот извештај за работата на ЈП Градски Паркинг-Скопје за период 01.01.2023 година со 30.06.2023 година и го достави следното:

**МИСЛЕЊЕ**

За Шестмесечниот извештај за работата на ЈП Градски Паркинг-Скопје за период 01.01.2023 година со 30.06.2023 година

Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење дава позитивно мислење на Шестмесечниот извештај за работата на ЈП Градски Паркинг-Скопје за период 01.01.2023 година со 30.06.2023 година

ЈП Градски Паркинг – Скопје
Скопје, 31.07.2023 година

НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ

**Претседавач,**
**Анета Антевска Јордановска**